# Институтот „Одземање имот и имотна корист од кривично дело“ низ призмата на националното законодавство и воспоставаните меѓународни стандарди


- *м-р Наташа Гоџоска,* јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Скопје

# Воведни напомени



- Општи напомени за конфискацијата на имот
- Конфискацијата во законодавството во Република Северна Македонија;
- Причини кои го оправдуваат постоењето на институтот конфискација на имот;
- Правна природа на институтот;
- Стадиуми на постапката за одземање на имотна корист

# *Nullum comodum capere potest de sua propria inuria!!!*

** Никој не може да има корист од сопствено злодело*.

Но и покрај тоа, реално постои голем јаз помеѓу стварно прибавената корист од кривични дела и онаа која што подлежи на државни зафаќања во таа корист.

# Конфискацијата во законодавството во Република Северна Македонија

- **Кривичен законик** *(воведена е измените од 2004,2009,2010 проширена конфискација)*
- **Закон за кривична постапка** (Службен весник 150/10 од 18.11.2010 2010 кој се применува од **1.12.2013 година**)
- **Закон за финансиска полиција 2014 година** (открива и врши криминалистичко истражување за кд Перење пари и други приноси од казниво дело од членот 273, Недозволена трговија од членот 277, Криумчарење од членот 278, Даночно затајување од членот 279 од Кривичниот законик и други кривични дела со противправна имотна корист од значителна вредност)
- **Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка** - 2008 година

## **Причини** кои го оправдуваат постоењето на конфискација на имот

- Ресторативна-  никој не може да прибави и задржи корист од некој облик на неправо;
- Ретрибутивна- превенција од криминалот;
- Одземање на нелегално стекнатиот имот - „*крвотокот*“ на криминалните организации;
- Компензациска  надополнување на конфискацијата на имот со имотно правно барање, тн „Фонд за жртви“

# Правна природна на институтот Конфискација на имот и имотна корист

- Не е санкција, не е казна, не е мерка на безбедност....

- Во нашето законодавство конфискацијата претставува посебна казнено правна мерка чија содржина се состои во присилно одземање од сторителот или од трети лица посредната и непосредната имотна корист прибавена со казнено дело.

- Sui generis институт кој доаѓа до израз кога ќе е извршено кривично дело, но за чија примена се врзани и граѓански прописи, затоа има автори кои сметаат дека тоа е мешовит **кривично-граѓански институт** чија цел е да се воспостави состојбата која била нарушена, но и да се забрани збогатување со вршење на кривични дела;

# Фази на постапката за одземање на имотна корист прибавена со кривични дела

- Финансиско истражна постапка;
- Судска постапка;
- Постапка на извршување ;
- Фаза на управување со трајно одземен имот




# Финансиска истрага

## Поим

Подразбира збир на дејствија кои се водат истовремено со криминалистичко- оперативните дејствија со цел да се открие и утврди имотната корист стекната со кривично дело, да се утврди имотот на осомничените лица и трети лица од кои е можно одземање на незаконски приход и да се обезбеди конечно одземање

## Цели

да се прибават податоци за незаконски стекнат имот, утврдување или проценка на приходи, следење на текот на бесправно стекнатите приходи и нивно одземање.

# Фази на финансиската истрага

Типични фази на една финансиска истрага:

- Утврдување на приходи стекнати со кривично дело
- Утврдување на имот кој може да се одземе
- Утврдување на **третото** лице (добри разузнавачки извори)
- Поднесување барање за одредување на привремени мерки за обезбедување

# Следењето и идентификацијата на имотот

- Вклучува процес на кривична и финансиска истрага за наоѓање и лоцирање на имотот според јурисдикцијата која ја спроведува кривичната истрага или во друга јурисдикција што ќе вклучува меѓународно барање за следење на имот.
- Идентификацијата на имотот има за цел откривање на сопственикот или управувачот на имотот.

Привременото одземање може да се реализира може да се реализира преку **<u>два</u>** основни облици:

**ЗАМРЗНУВАЊЕ** или блокада- забрана за пренос, претворање, блокада или преместување на имот;

**ЗАПЛЕНА**- привремено одземање заради чување и надзор над имот(физичко располагање со имот)

И двете се врз основа на **<u>судски наредба</u>**

**Заплена +замрзнување = секвестрација**

# Замрзнувањето и заплената согласно меѓународните стандарди 1/1

## Конвенцијата на ОН за транснационален организиран криминал

**Членот 13** се однесува на меѓународна соработка и дава правна основа за барања помеѓу јурисдикциите и за финансиска истрага и за замрзнување, заплена и конфискација на бесправно стекнати имотна корист, имот и инструменти за извршување на кривично дело,

**член 18** се однесува на меѓународна правна помош за собирање докази во врска со постоење на имот, преку идентификација или следење на бесправно стекната имотна корист

**Европска Конвенција на Совет на Европа за меѓународна правна помош во кривичните предмети MLA 1959** пропишува општи услови за меѓународна правна помош помеѓу земјите членки на Советот на Европа. Тоа е најчесто користениот метод за меѓународна соработка кој се користи како основа за финансиска истрага за следење и идентификација на имот, како и барања за замрзнување, заплена и конфискација на имот.

# Замрзнувањето и заплената согласно меѓународните стандарди 1/2

- Според **Варшавска конвенција**, 2005 **замрзнувањето и запленатa з**начат привремено забранување на трансфер, конверзија, продажба или движење на имот или привремено преземање на надзор или контрола врз имот, врз основа на налог издаден од суд или друг надлежен орган

- **Поглавјето IV од оваа конвенција**, обезбедува сеопфатни одредби од сите аспекти на меѓународната соработка за враќање на имот, вклучувајќи и истраги за следење на имотот, пристап до финансиски податоци и следење на сметки, правна рамка за двете земји баратели на информациите кои се потребни за поднесување на барањето и за земјите до кои е поднесено барањето за информациите што треба да ги обезбеди и за обезбедувањето на спонтани информации.

- **Варшавската конвенција** исто така содржи и одредби за извршување на налози за замрзнување, заплена и конфискација, вклучувајќи и налози за конфискација без кривична осуда, заплена и конфискација вклучувајќи и налози за конфискација без кривична осуда

# Финансиска истрага во Северна Македонија

Поведување на финансиска истрага

поврзано со ***основано сомневање*** во врска со одделни кривични дела;

Финансиската истрага е вметната вклопена во актот со кој е покренува вообичаена кривична истрага (Наредба за спроведување истрага)

**Правен основ:**

Закон за кривична постапка(lex generalis),

Закон за финансиска полиција (lex specialis) регулирани се одделни дејствија во раната предистражна постапка

# Закон за кривична постапка

Се поведува врз основа на кривична пријава или известување (член 283),

- Со предистражна и истражна постапка раководи јавниот обвинител;
- Правосудната полиција постапува по насоките на јавниот обвинител
- Истражни центри –не се целосно во функција;
- **Член 287** –обврска на државните органи, органи на единици на локална самоуправа, организации, правни и физички лица што вршат јавни овластувања да постапат по барање на јавен обвинител и да ги доставаат бараните податоци

# Член 200 од ЗКП

- Ако постои основано сомнение дека **одредено лице на своите банкарски сметки прима, чува, пренесува или на некој друг начин располага со принос е важен за истрагата** или според закон подлежи на присилно одземање , по образложен предлог на јавниот обвинител Судот ќе донесе решение со кое на банката или друга финансиска институција ќе им нареди да достават документација или податоци за банкарските трансакции на тоа лице
- Решение со кое се прифаќа предлогот на јавниот обвинител донесува судијата на претходна постапка, но доколку судијата не го прифаќа предлогот, без одлагање ќе побара одлука да донесе советот на судии и Советот има обврска да одлучи во рок од 24 часа.
- На ист начин може да се побара **пристап до сефот во Банка, како и следење на платниот промет**
- Значи, увид во сите бази на податоци поврзани со **финансиски трансакции само со Наредба на Судот**
- Исклучок, **ИТНИ СЛУЧАИ**, јо постапува без судска наредба, која судијата треба да ја издаде 72 часа по примeното известување.

# Член 202 од ЗКП

- По барање на јавен обвинител Судот во секоја фаза од постапката може да донесе привремена мерка одземање имот или предмети кои според КЗ треба да се одземат , мерка запленување на имот или друга мерка за да се спречи користењето, отуѓувањето или располагањето со имотот

Барањето ги содржи следниве податоци:

- Краток опис на кривично дело и негов законски назив
- Опис на имотот или предметите што потекнуваат од кривично дело
- Податоци за лицето кое што го поседува имотот или предметите
- Докази од кои се заснова сомнението дека имотот и предметите потекнуваат од кривично дело
- Причини за веројатноста дека до крајот на кривичната постапка ќе биде особено отежнато или оневозможено одземањето на имотот или предметите.

- ОДЛУКА, Судот донесува ВЕДНАШ! (не повеќе од 12 часа)
- Доколку Судот не го прифати барањето на јавниот обвинител, без одлагање ќе побара Советот од член 25 ст.5 од ЗКП да донесе одлука, а Советот тоа е должен да го направи во рок од 24 часа
- Во решението Судот ќе ја означи вредноста и видот на имотот односно предметите кои се одземаат
- ИСКЛУЧОК!!! Правосудната полиција може привремено да одземе имот, ако постои опасност од одлагање /мора одобрување од Судот;
- ВАКОВ исклучок  и во член 196 од ЗКП кај привремено одземање на предмети без наредба на судот

# Времетраење на мерките

- Најдолго со **завршување на постапката пред првостепениот суд** (вакуум до правосилност на пресудата);
- Кога се определени во претходна постапка, престануваат доколку во рок од три месеци не се отвори истражна постапка;
- **Пред роковите**: по службена должност, по барање на јавен обвинител, по барање на заинтересирано лице, доколку се утврди дека не се потребни или неоправдани, со оглед на тежината на делото, или имотните прилики на лицето од кое се одземаат, членовите на семејството кои тој ги издржува

# Граѓански елементи во кривична постапка

- Сите дејствија кои што се преземени по поднесувањето на барањето за привремено одземање на имот или предмети заради обезбедување се **НИШТОВНИ** (член 202 ст.11)
- Правните дела склучени по извршување на кривичното дело, а со намера да се намали вредноста на имотот што е предмет на конфискација се **НЕВАЖЕЧКИ**.(член 541 ст.5 од ЗКП)


WARNING
CONFISCATION
IN
PROGRESS

***Конфискацијата како најсилен инструмент во борбата против организираниот криминал и корупција многу повеќе ги погодува сторителите на кривични дела отколку самата казна изречена за стореното дело.***


GUNS WILL BE
CONFISCATED

# Проширена конфискација

- Конфискација без кривична осуда
- без да се обвини конкретното лице во врска со тој имот;
- Имот кој не е предмет, непосредна или посредна корист од кривичното дело кое се гони;
- Ја вклучува целосната корист, а не се утврдува поврзаност на користа со противправните дејствија на сторителот
- Се заснова на секундарни докази
- Нерамнотежата помеѓу имотот на едно лице и неговите законски извори и приходи

# Меѓународни стандарди за проширена конфискација

- **Конвенција на ООН против транснационалниот организиран криминал Палермо конвенција 2000 година**

- **Конвенција на ООН против корупцијата од 2003 година (посебни правила за onus probandi)**

- **Варшавска конвенција на СЕ според која секоја држава ќе усвои законодавни и други мерки со кои ќе побара од сторителите да го докаже потеклото на имото кој подлежи на конфискација**

# Меѓународни стандарди за проширена конфискација

- **Рамковна одлука на Советот 2005/212/JHA од 24 февруари 2005 за конфискација на имотна корист, инструменти и имот прибавени со вршење на кривично дело.**

- **Директива 2014/42/EU на Европскиот Парламент и на Советот од 3 април 2014** за замрзнување и конфискација на инструментите и имотната корист прибавени со кривично дело во Европската Унија. Директивата од 2014 година служи за поедноставување на Рамковните одлуки на Советот од 2001 и 2005 година. Исто така, воведува и одредби за конфискација на имот без кривична осуда, во случаи кога обвинетиот побегнал и не може да биде гонет поради болест.

# Проширена конфискација согласно националното законодавство Чл.98-а од КЗ

Спрема **таксативно** наброени кривични дела:

- Терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста од **член 313**;
- **Терористичка организација од член 394 а**
- **Тероризам од член 394 б**
- **Финансирање на тероризам од член 394-в**
- **Меѓународен тероризам од член 419**

- Определен е временскиот период во кој е стекнат имотот кој е конфискуван -**не повеќе од 5 години!**

- За членови на семејството ако е очигледно дека не дале противнадоместок на вредноста, а за др. трети лица се бара да докажат дека дале противнадоместок

# Постапка за проширена конфискација член 533 и член 534 од ЗКП

- Ако обвинетиот во рок од 1 година од денот на започнување на главна расправа не докаже дека имотот и имотната корист се законски стекнати
- За трето лице во рок од две години, доколку не докаже дека имотот е законски стекнат
- Постапката е на предлог на јавен обвинител
- Ако веќе е донесена првостепена пресуда, за конфискацијата ќе се донесе дополнителна пресуда

## Конфискација на имот и имотна корист во меѓународните документи на ООН и Советот на Европа

- **Конвенцијата за незаконит промет со опојни дроги и психотропни супстанци од 1988 година (Виенска конвенција),**
- **Конвенцијата за транснационалниот организиран криминал од 2000 година (Палермо конвенција),**
- **Конвенцијата за спречување на корупцијата од 2003 година.**

Советот на Европа на 08.11.1990 година ја отвори за потпишување Конвенцијата за перење, потрага, привремено одземање и конфискација на приходи здобиени со казнено дело (Стразбуршка конвенција).

Република Северна Македонија, Конвенцијата ја потпиша на 19.12.1999 година, ја ратификуваше на 19.05.2000 година, а истата стапи на сила на 01.09.2000 година.

Конвенцијата на Советот на Европа за перење, откривање, заплена и конфискација на приноси од казниво дело и финансирање тероризам (Варшавска конвенција) е надградба на Стразбуршката конвенција на Советот на Европа и истата претставува сублимат на достигнатиот степен на развиток на концепцијата „во потрага по парите“. Конвенцијата е отворена за потпишување на 16.05.2005 година во Варшава, а потпишана од Македонија на 17.11.2005 година и ратификувана во Собранието на 10.04.2009 година.

# Меѓународни и регионални механизми за враќање на имот

- Меѓу-агенциски мрежи за враќање на имот се неформални мрежи за контакт од правосудна полиција  и други државни органи кои учествуваат во спроведување на правото(обвинители, судии) кои се вклучени во процесот на враќање на имот. Ова вклучува следење, замрзнување, заплена, управување, конфискација и ослободување од имот
- Соработката се спроведува **преку контакт лица;**
- За различни географски подрачја, различни меѓу агенциски мрежи за врежи;
- CARIN(Европа), ARIN-AP (Азија, Пацифик). ARIN CARIB, ARIN EA, ARIN SA, ARIN WA, ARIN WCA, PRAG

# Кога треба да се користи **CARIN**?

- Кога на земјата не и е познат соодветниот и правен канал (претходни на меѓународната правна помош)
- Доколку следењето, замрзнувањето, заплената или конфискацијата на имот е од голема итност или ако замрзнувањето или заплената треба да се изврши на определен датум
- Доколку формалното барање е особено комплицирано или поради обемот на работа или поради техничките аспекти
- ARO- Национална канцеларија за враќање на имотот во рамки на ЕУ-со Одлука на Совет на Европа 2007/845/JHA
- SIENA безбедна платформа која што ја користи ARO

- **EVROPOL** Агенција на ЕУ за спроведување на законот,
- **EVROJUST**-агенција за спроведување на Закон, подобрување на координацијата во истрагата и обвиненијата помеѓу надлежните органи
- **EJN** (Европска правосудна мрежа)-за правни и практични проблеми
- **EGMONT-**глобална мрежа од 159 разузнавачки единици за размена на финансиски информации преку безбедна мрежа-енкриптиран систем на комуникација

# Критички осврт на примената на конфискацијата на имот во нашата судска пракса

- Широк спектар на воспоставени законски решенија усогласени во меѓународните стандарди
- Но, какво е искуството во пракса?
- Дали воопшто се применува конфискацијата кај нас?
- Примена на конфискација за одделни кривични дела или за сите поврзани со остварување на противправна имотна корист?
- Релација конфискација на имот- имотноправно барање во пракса
- Кој ја иницира постапката за ништовност на правните дела и неважечки правни дела

# Ви благодарам на вниманието!

